Измена на А-интегрирана еколошка дозвола

Име на компанијата

ДПТУ РЕЦИКЛ-ЕКО СТАРТ ДОО експорт- импорт Скопје
Адреса Ул. Прашка бр.13/2-19, 1000 Скопје

Број на дозвола

Содржина

Содржина ..... **ии**

1 Вовед ..... **ив**

Погон за производство на олово од секундарни суровини - Рециклажа Еррор! Боокмарк нот дефинед.

Дозвола **1**

Инсталација за која се издава дозволата **2**

1.2 Техники на управување и контрола 5

1.3 Суровини (вклучувајќи и вода) 6

1.4 Техники на работа 7

1.5 Заштита на подземните води 15

1.6 Ракување и складирање на отпадот 16

1.7 Преработка и одлагање на отпад 16

1.8 Спречување и контрола на несакани дејствија 17

1.9 Бучава и вибрации 18

1.10 Мониторинг 18

1.11 Престанок на работа 19

1.12 Инсталации со повеќе оператори 20

2 Документација **21**

3 Редовни извештаи **22**

4 Известувања.. ..... **23**

5 Емисии **24**

5.1 Емисии во воздух 24

5.2 Емисии во почва 26

5.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) 26

5.4 Емисии во канализација 27

6.5 Емисии на топлина 28

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води **30**

8 Услови надвор од локацијата **31**

9 Програма за подобрување ..... Error! Bookmark not defined.

10 Договор за промени во пишана форма 35

Додаток 1 .....

Додаток 2 .....

Додаток 3 .....

1 Вовед

Овие воведни белешки не се дел од дозволата

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Сл.В. наР.М53/05;81/95;24/07;159/08;83/09;48/10;124/10;51/11;123/12;93/13;42/14;44/15;129/15;192/15,39/16,28/18,65/18,99/18,89/22 и 171/22год) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола, односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување барање заусогласување со оперативен план(“Службен весник на РМ” бр.89/2005, до одобреното ниво во Дозволата.

Краток опис на инсталацијата за која се издава дозволата

Постројката „Рецикл Еко-Старт“ ДОО се наоѓа во Општина Чучер Сандево, на Качанички Пат бб. Постројката е лоцирана на КП 3450, КО Чучер-Сандево-вонград со површина од 9.766 m^2. Постројката на север граничи со Качанички Пат, на исток граничи со компаниите Гранит (бетонска база), на југ граничи со зелени површини и река Лепенец која тече на околу 100 метри оддалеченост од проектната локација, а на запад граничи со необработливи површини. Пристапот до постројката е директно преку Качанички пат.

Инсталацијата ја сочинуваат објектите:

1. Погон за преработка на оловни суровини (Погон за топење) со административен дел со површина од 336+48 (m^2) (Приземје и спрат),
2. Погон за рафинација на олово со вкупна површина од 264 (m^2),
3. Магацин за складирање на хемикалии и готови производи со вкупна површина од 144(m^2),
4. Магацин за репроматеријали со површина од 369 (m^2),
5. Погон за сепарација на акумулатори со површина од 24 (m^2),
6. Халда за депонирање на цврст отпад со површина од 68,75 (m^2),
7. Постројка за пречистување на гасови со површина од 4 (m^2),
8. Таложници за технолошка вода со површина од 18,72 (m^2),
9. Пумпна станица со бунар за вода со површина од 7,5 (m^2),
10. Септичка јама со површина од 12 (m^2),
11. Портирница со површина од 10 (m^2),
12. Рекреативни и зелени површини со површина од 4.246 (m^2).
13. Бункери
14. Базени за преработка на оловна згура

15. Простор за складирање на концентрат
16. Постројката за добивање на метални концентрати и неметални фракции преку преработка на отпадна троска

Технолошки процес на производство на олово од оловен концентрат и секундарни суровини

Технолошкиот процес на топење на *оловен концентрат* се одвива во ротациона печка .

Преработката на секундарната суровина – старите акумулатори и концентрат се одвива по слените фази:

- Примарна преработка на акумулатори;
- Понатамошна преработка на акумулатори за одвојување на пластичните кутии и ПВЦ сепараторите;
- Обработка на пластичните елементи за продажба како секундарна суровина;
- Претопување на олово.

Акумулаторите представуваат електрохемиски извор на енергија кој ослободува електрична енергија на контролиран начин. Сите видови на акумулатори (примарни и секундарни) содржат позитивна и негативна плоча сместена во електролит. Секундарните батерии по празнењето може да се полнат, а примарните по празнење се неупотребливи.
Секундарните батерии содржат позитивни и негативни плочи потопени во електролит. Во секундарните батерии спаѓаат олово – киселинските акумулатори кај кои позитивните и негативни плочи, направени од оловни соединенија, се наоѓаат потопени во електролит од разблажена сулфурна киселина. Оловните стартер батерии ќи користат лесни и тешки моторни возила како и градежната и земјоделската механизација. Овие акумулатори се состојат од:

- Решетка направена од оловна легура со содржина од 1,5 % Sb (max 7%) и 0,1% Ca кои придонесуваат за механичка цврстина и проводливост на активниот материјал. Решетката заедно со активниот материјал се нарекува плоча;
- Смеша од оловен оксид и оловен сулфат која при иницијалното полнење преминува во активен материјал од оловен диоксид на позитивната плоча и сунѓерести олово на негативната плоча. При празнењето на акумулаторот се одвива обратна реакција на добивање на оловен сулфат. Трајна сулфатизација настанува по повеќекратен циклус на полнења и празнења на акумулаторот како и при краткотрајна употреба (празнење) или долготрајно некористење на акумулаторот. Во овој случај кога оловниот сулфат трајно го задржува својот облик и неможе да се

трансформира во активен материјал акумулаторопт станува неупотреблив.

- Електролитот представува разблажена сулфурна киселина, служи како спроводник на јони меѓу позитивните и негативни плочи кога акумулаторот се полни или празни. При празнење сулфатните јони од киселината реагираат со активниот материјал и се добива олово сулфат.
- Сепараторот од микропорозен полиетилен, како изолатор се поставува меѓу позитивната и негативна плоча и спречува краток спој меѓу нив. Тој покрај тоа што е микропорозен за да овозможи премин на јони од една на друга плоча треба да биде отпорен на киселината и на висока температура;
- Кутијата и капакот од акумулаторот се изработени од полипропилен (лесна и јака платика) и се обезбедува покрај отпорност кон удари, температура и отпорност кон реагенси: бензин, дизел, антифриз, масло за кочници.

Процес на примарна преработка на акумулаторите

Приемот и складирањето на старите акумулатори се врши во хала за репроматеријали. Потоа се носат до местото за кршење. Обично се набавуваат празни – без киселина акумулатори, доколку се случи да пристигне акумулатор со неиспразнета киселина се врши празнење во собирниот резервоар за киселина, што е поврзан канализирано со пластични цевки со трокоморниот таложник.

Трикоморниот таложник се состои од три комори – базени. Во првиот базен се врши неутрализација на сулфурната киселина со додаток на средство за неутрализација, гасена вар $Ca(OH)_2$ спрема реакцијата:

$$H_2SO_4 + Ca(OH)_2 = CaSO_4 + 2H_2O$$

Неутрализираната вода до околу pH 7, по исталожување истекува преку вториот базен во третиот базен и со помош на пумпа се реискористува во скруберот од постројката за пречистување на отпадните гасови. Талогот (калциум сулфат) од базените повремено се чисти и складира на халдата до повторна употреба за топење во печките.

Ослободените од киселина и исушени акумулатори потоа се складираат во хала за репроматеријали за истите до нивниот понатамошен третман за сепарирање.

Сепарација на пластичните од оловните делови на акумулаторите

При понатамошната преработка се врши одвојување на *полипропиленот* (пластичните кутии) од металните делови на акумулаторите, по пат на сечење на капакот од акумулаторот со помош на хидраулична жица. Во погонот за оваа намена се користат две хидраули; на преса со моќност од 5 KW и

капацитет 3.5 (t/h). Сепарираните парчиња од пластичните кутии и капаци се пакуваат ви вреќи за продажба. По набавката на потребната опрема ќе се започне со примена на наведениве процеси за доработка на пластичните делови. На остатокот од акумулаторите се врши понатамошна сепарација:
Одвојување на сепараторите кои се изработени од поливинилхлорид и се карактеризираат со задоволувачка механичка цврстина, висока хемиска постојаност, голема кртост и крупни пори. Во акумулаторските батерии сепараторите спречуваат од кратки споеви на електродите со спротивен електрицитет, го фиксираат растојанието меѓу електродите со што се спречува нивното поместување и служат за создавање на потребна резерва на електролит во меѓуелектродниот простор. По својата конструкција сепараторите представуваат тенки листови, кои обично се со една ребреста површина. По димензии се поголеми од електродите со што се спречува појавата на кратки споеви по рабовите на електродите. Сепараторите по рачно одвојување од акумулаторите се складираат во ПВЦ вреќи до продажба.
По одвојување сепараторите *останатите делови составни делови од акумулаторите*, тврдо олово (легура и клеми и парчиња од решетка) и оловна паста се транспортираат на топење на ротациона печка која е лоцирана во халата за производство на сурово олово.

Технолошки процес на претопување на отпадно олово

Технолошкиот процес на претопување на *тврдо олово од стари акумулатори* односно од:

- Легура од олово со содржина 0,1 -7% антимон, од која се изработени решетките на плочите од акумулаторите;
- Легура на олово од клемите (3-3,5%);
- Пастирано на катодните решетки и
- Оловен диоксид, пастиран на анодните решетки се одвива во *краткодобошна ротациона печка*.

Технолошката шема на производство на олово дадена во прилог на ова поглавје.
Основната суровина (оловните делови од стари акумулатори) од складиштетот во кнтејнери со виљушкар се транспортира во погонското складиште и по мерење на подна вага со капацитет 2.000 (kg), со помош на капацитет од 5.000 (kgPb/шаржа). Преку додавачот во печката се дозираат и потребните количини на топители и редуценти. За загревање на ротационата печка се користи нафта. Нафата по затворен систем со помош на пумпи се префрла од вкопаниот резервоар со капацитет од 10 t во дневниот резервоар со капацитет од 2 t лоциран во близина на печката и од овој резервоар нафтата се дозира во печка.
Процесот на топење се одвива континуирано и шаржирањето (хранењето) на печката се одвива дисконтинуирано.За време на процесот на топење,оловото со

недефиниран состав преку отвор на челната страна од печката се излива во метални калапи-кокили.Оловните блокови (инготи) по ладење се истресуваат од калапите, редат на палети и со виљушкар се носат во складиште за финален производ или на доработка во халата со шест казани за рафинација и легирање.

По леењето на оловото, преку истиот отвор се излива полесниот слој од троска во метален сад поставен на виљушкар.Минималните количини на гасови со содржина од сса 8% CO, 17% CO_2, и 0,5%SO_2 (рачунато на 1Nm^3/h) и прашина која се создава при шаржирање, се зафаќаат од ротациона печка и преку цевковод со помош на вентилатор со температура од 300-400 ℃ се водат во постројката за пречистување.

Излеаната троска во металниот сад кој е со волумен од 0,5 m^3 по вцврстување се транспортира и привремено се одлага на халдата – бетонската платформа. Згурата се реискористува со претопување во печките и содржи сса:

- Fe – 35%
- CaO – 15%
- Na_2O- 20%
- SiO_2-18%
- Pb- 4-5 %
- Останато-5%

Процес на рафинирање и легирање на сурово олово

Рафинирање и легирање на произведеното сурово олово со додаток на реагенси и легирачки метали ќе се врши во шесте казани за оваа намена кои се со капацитет од 24 t и 8 t. Моментално се изведува во два казани другите се во фаза на монтирање.

Казаните се садови изработени од челичен лим со дебелина од 10 mm и озидано ложиште со огноотпорен, изолационен материјал. Загревањето на казаните до 600 ℃ се одвива со помош на нафта. Нафтата во ложиштето се дозира преку горилник со автоматска регулација на протокот на гориво и воздух. На ложиштето покрај отворите за инсталирање на бренерот има инспекциони врати за превземање на навремени мерки за спречување на хаварии. За спречување на евентуално истекување на течно олово се применува принудно ладење на челичниот сад со вода. Зафатените гасови од секој казан за рафинирање со помош на странична хауба, вентилатор и цевковод се водат во магистралниот вод и на пречистување во постројката за пречистување.

Рафинирано олово се добива со претопување на сурово олово и примена на следниве технолошки операции:

- Шаржирање на блокови од сурово олово во казан за рафинација;
- Топење на оловото;
- Одстранување на површинскиот оксиден слој-дрос од стопилката;

- Додавање на сулфур за одстранување на бакарот во облик на бакарен шликер;
- Додавање на натриум хидрооксид и натриум нитрат за одстранување на антимон,арсен и калај во облик на алкален шликер;
- Дополнително испирање на оловото со додаток на натриум хидрооксид за одстранување на други примеси во облик на дрос и
- Леење на рафинирано олово

Легурите на олово се произведуваат со претопување на секундарното сурово олово и примена на следниве технолошки операции:

- Шаржирање на блокови од секундарно сурово олово во казан за рафинација;
- Топење на шаржата;
- Одстранување на оксидниот слој од површината на стопилката – троска;
- Додавање на сулфур и одстранување на бакар во облик на бакарен шликер;
- Подесување на содржината на антимон, калај и други легирачки метали или пак разблажување со топење на рафинирано олово и
- Леење на легури на олово

Блоковите од олово во казанот се шаржираат со помош на дигалка –кран со носивост од 2 t. Шликерот по одстранување од казанот се реискористува во краткодобошна печка или привремено складира во изведен бокс во хала за репро материјали. Количината на додатоци и времетраењето на одделни фази на рафинирање и легирање зависи од содржината на примеси што треба да се одстранат. Имено:

- Елементарен сулфур се додава за одбакарување и притоа добиениот бакарен шликер се реупотребува во ротациона печка,
- Рафиниран цинк со содржина од 99,99% Zn се додава за одсребрување и притоа се продуцира сребрена пена од која среброто се одвојува со електролиза (електрорафинација). Електрорафинација ќе се врши во надворешна фирма,
- Базна рафинација со примена на натриум хидроксид и натриум нитрат се применува за одстранување на примесите од антимон,калај, цинк, арсен во вид на оксиден шликер кој се реискористува во ротационата печка.

При рафинирање,прво се одвиваат технолошките операции на шаржирање, топење, одстранување на површинскиот оксиден слој и додатокот на елементарен сулфур за одстранување на бакарот односно површинскиот слој од бакарниот шликер. За одстранување на другите примеси (Sb, As, Sn, Zn) се

додава натриум хидроксид и натриум нитрат.По одстранувањето на површинскиот слој од примеси – шликер,оловната стопилка со помош на пумпа се префрла во друг казан во кој се додава цинк со содржина од 99,99% Zn за одсребрување. Продуцираната сребрена пена се одвојува и ако е потребно се врши дополнително "испирање" на оловото за доодстранување на примесите (Sb, As, Sn, Zn) и префрлање на оловото со помош на пумпа во трет казан. Од овој казан по довршување на базната рафинација со додаток на натриум хидроксид се врши леење на рафинираното олово во калапи.

При легирање, по одвивање на технолошките операции на шаржирање, топење, одстранување на површинскиот оксиден слој, додатокот на елементарен сулфур за одстранување на бакарот во облик на бакарен шликер,се врши подесување на содржината на антимон, калај и други легирачки метали или пак разблажување со додаток и топење на рафинирано олово. Потоа следи процесот на леење на легураното олово во калапи.

Течното рафинирано олово или легурано олово од казанот со помош на пумпи се лее во калапи на машината за леење за оформување на 20-25 килограмски блокови погодни за комерцијална употреба. Блоковите од олово во количина од 1000 kg се редат на палети и со виљушкар се транспортираат во складиштето за готови продукти.

За леење се користат калапи изработени од хематитен железен лив со следниов хемиски елемент: 3-4% C; 2-3% Si; 0,5-0,7% Mn; 0,08% S; и мах.0,06%P.

За капацитет на леење од 4,5 (t/h) рафинирано олово или легури во 40 калапи.Од секој казан за рафинирање на олово,зафатените гасови со помош на хауба вентилатор и цевковод се водат во магистралниот вод и на пречистување во постројка за пречистување.

Постројката за отпрашување и пречистување на отпадните гасови

Преку вентилационен систем комбиниран од хауби, центрифугален вентилатор со капацитет 30.000 (Nm^3/h) , гасоводи и централен гасовод се зафаќа прашината од шаржирање на печките за топење на олово како и процесните гасови од истите и казаните за рафинација и се води во постројките за пречистување.

Ослободените гасови и прашина во процесот на рафинација се зафаќаат со хауби монтирани странично на секој од казаните и се водат во постројка за пречистување каде се врши обеспрашување.

Трикоморен таложник за пречистување на технолошка вода

Трикоморен таложник за пречистување на отпадната технолошка вода со димензии 4000 x 3000 x 1200 (mm) и волумен од 12 m^3. Изграден е од непропустлив армиран бетон и се состои од три комори-секции. Водата каскадно се влива од секција во секција.

Во првиот базен со волумен од 6 (m^3) се врши неутрализација и таложење на честичките од отпадните води со додаток на средство за неутрализација. Преку дозирен систем, поставен на челичната конструкција, се дозира варно млеко

$Ca(OH)_2$ за неутрализација. По процесот на неутрализација водата истекува во вториот базен каде што се таложат неисталожените честички и се врши неутрализација ако не е постигната потребната базичност на водата.Прочистената вода истекува во третиот базен со волумен од 3 m^3 и со помош на пумпа се реискористува во скруберот од постројката за пречистување на отпадните гасови. Губитоците вода во третата секција, поради врзување на водата со исталожените честички и испарувањето се надополнуваат со свежа вода.
Талогот главно калциум сулфат и прашина од шаржирање на печките повремено се чисти и складира во бокс на халата за репроматеријали за реискористување при процесот на топење во печките.

Постројката за добивање на метални концентрати и неметални фракции преку преработка на отпадна троска

Технолошкиот процес започнува со набавка на згура (троска) која содржи метали кои можат повторно да се употребат со соодветен метод на обновување и имаат економска вредност. Згурата која е влезна суровина во постројката, се складира во отворен бункер. Овој бункер е со изграден од бетон изолиран со епоксидна смола, со прегради од страните за одвојување на материјалот и ги исполнува стандардите за складирање на ваков вид на материјали.
Првично е планирано во постројката како влезна суровина да се користи оловна згура од други инсталации во Македонија. Оловната згура содржи големо количество на олово Pb и оловен оксид, кои со физичко – механичка преработка ќе се отстранат од згурата и ќе се користат во металопреработувачката индустрија за да се добие чисто олово Pb, а остатокот ќе биде инертен материјал кој може да се користи во градежна индустрија.
Операторот планира да користи и други типови на згура од други инсталации (и цинк оксид), троска од производство на ферохром, троска од производство на феросилициум, троска од производство на фероникел, троска од производство на бакар), од кои ќе се одделуваат металите од неметалната фракција и ќе се продаваат на заинтересираните клиенти со кои Операторот ќе склучи Договори
Технолошкиот процес започнува кога од отворениот бункер, згурата како основна суровина со помош на багер се товари и искипува врз сито, каде се врши примарно сортирање на суровините во следните фракции: 0-100, 100-300 и +300 mm. Фракцијата 100-300 mm влегува во дробилка за средно кршење од каде издробена, преку транспортна лента со вибрационо сито се носи до бункерот за складирање на ситна гранулација.
Материјалот кој не е доситнет до потребната гранулација преку вибрационото сито се одвојува и се вадат две фракции:

- Комерцијален производ – покрупни оловни парчиња, кои се складираат во џамбо вреќи
- Покрупна фракција која се враќа назад низ дополнително сито

- Покрупната фракција се товари со багер и се искипува врз ситото, од каде делот кој не е доволно ситен да прођде низ ситото, паѓа на другата страна и потоа повторно се враќа во првата дробилка за дополнителна преработка.
- Поситната фракција под ситото со помош на багер се зема и се носи во друга, валчеста дробилка
- Од оваа дробилка се добиваат две фракции: крупна фракција (парички), кои преку вибрационо сито се одвојуваат и се складираат како комерцијален производ во бункер. Поситниот материјал преку транспортна лента излегува од валчестата дробилка и влегува во бункер за иситнет материјал.
- Од двата отворени бункери за иситнет материјал со багер се товари и искипува материјалот во хранилка за полнење на таложната машина Под хранилката е поставена транспортна лента, која го носи иситнетиот материјал од хранилката во таложната машина.
- Троската со помош на транспортната лента се натоварува во приемен бункер на таложната машина. Во таложната машина влегува вода (која рециркулира во процесот од таложните базени за неутрализација на растворот), каде со помош на мембрани кои се инсталирани во самата таложна машина доаѓа до пулсирање и се врши гравитациско двоење на материјалот на лесен и тежок поради специфичната тежина . Во долниот дел од таложната машина се таложи најтешкиот материјал од поголеми фракции, додека лесниот (ситните класи на тешки честички) се таложи во горните делови од машината. Дополнително, тешкиот материјал се двои на крупен и ситен. Во долниот дел од таложната машина се таложи крупниот тежок материјал, а ситниот тежок материјал се вшмукува во конусен концентратор каде што концентратот конечно се доведува до бараниот квалитет, како резултат од притисокот на водата.
- Покрупниот тежок материјал се испушта како готов производ преку два испуста. Овој готов производ најчесто се користи за производство на бетон. Ситниот тежок материјал во конусниот концентратор, како резултат на притисокот на водата концентратот се доведува до потребниот квалитет. Со помош на две клапни во долниот дел се врши периодично испуштање на овој концентрат до платформа со дренажа за привремено складирање.

- По обезводнување на овој концентрат, со помош на багер се врши собирање на готовиот производ – оловен концентрат со содржина на олово од 73%, кој се складира во џамбо вреќи и се продава на клиентите.
- Полесниот материјал кој е влажен се транспортира до одводнувачко сито GIL-32, опремено со гумени ситки. При поминување низ ситото, материјалот се раздвојува и се одводнува на фракции од 2 до 10 mm (обезводнет песок) и по подвижна линија се пренесува до конусни одлагалишта за складирање и инсталирана пумпа со пулпа од 0-2 mm, се одведува во базен. Преку вибро сито, покрупната фракција од таложната машина оди на дополнително мелење во мелница, а потоа како поситна фракција се враќа назад во таложната машина.
- На излез од таложната машина материјалот ќе поминува преку воден магнет со цел отстранување на магнетна фракција.
- Преку приемниот бункер материјалот влегува во магнетот во кој што е поставен ротирачки магнетен барабан кој постојано врти. Материјалот паѓа на воден магнет, а потоа немагнетната фракција под дејство на гравитација паѓа под барабанот во соодветниот испуст, додека магнетната фракција се лепи за самиот барабан. Под барабанот е поставен сепаратор кој има задача да ги одвои двата типа на фракции – немагнетна и магнетна. Како што барабанот врти така се намалува магнетното поле, и откако барабанот ќе ја помине линијата на сепараторот, магнетната фракција се одлепува од барабанот и паѓа во соодветниот испуст (готов производ). Магнетот е со инсталирана моќност од 5,5 kW, а барабанот е со дијаметар од 600 mm и брзина од 50 вртежи во минута. По магнетот, фракцијата 10-30 mm оди на вибросито, за отстранување на вишокот на вода. Оваа фракција е полупроизвод кој паѓа во бункер и се враќа во млин за повторна преработка.
- Базенот за неутрализација е каскадно поврзан со уште два идентични базени со димензии 8 x 6 x 3,5 m (ширина x должина x длабочина). Базените се изработени од армиран бетон, со изолација од епоксидни смеси. Најпрво е поставен тампон, а над тампонот е поставена изолација од геокомпозит од тип Bentofix X2 NSP 4900 вештачка глина. Потоа е ставена мешавина од бетон и хидрофоб флуид, со што бетонот станува водонепропусен. На крај бетонот е премачкан со дебел слој од нисковискозен двокомпонентен епоксиден премаз за порозни бетонски подлоги – Адингпокс 1П

- На дното на првиот базен се таложат тврдите честички, додека водата од првиот базен постојано се прелева во вториот и третиот базен. Во првиот базен се додава фосфорна киселина за неутрализација на високо базната средина.
- Водата преку вториот базен прелева во третиот базен, каде што е веќе со потребниот квалитет за да може повторно да се користи во таложната машина. На крајот од базенот има пумпна станица за препумпување на технолошката вода, назад на почетокот на процесот на збогатување на финалниот производ во таложната машина. Со одредена периодичност, багерот врши чистење на секциите во базенот. Базените се еднократно наполнети со вода и формираат затворен систем. Повремено се врши дополнување на базените со минимално количество на вода, поради тоа што дел од водата се вади со талогот кој е влажен.
- Заради што поголемо искористување на добиената количина на готов приозвод се применува и следнава постапка.

  Севкупната количина на вода и раствор од Вториот таложен базен со помош на пумпа со капацитет од 120 $м^3$/час се препумпува во три метални цистерни со следниов волумен.

  Цистерна бр.1 со волумен од 102 $м^3$,цистерна бр.2 со волумен од 136 $м^3$ и цистерна бр.3 со волумен од 63 $м^3$ кои се поставени во соодветно изведена танквааана со волумен од 110% од вкупниот волумен на трите цистерни.

  Цистерните се поставени на метална конструкција со висина од 1.5 метри,а на најниската точка од секоја се наоѓа испуст со вентил преку кој ситната фракција се испуста во сад со волумен од 1 $м^3$ во кој се наоѓа мешалка со потопна пумпа со капацитет од 120 $м^3$/час која оваа ситна фракција и вода ја враќаат во процесот на производство односно ја пренесуваат до Хидроциклонот и уште еднаш се повторува процесот на исталожување.

  Чистата вода со растор од трите цистерни кои се меѓусебно поврзани со метални цевки се враќа во вториот таложник.

  Со оваа постапка во процесот се овозможува максимално искористување на суровината.
- Дополнувањето на базените со вода се врши од сопствениот бунар на Рецикл Еко-Старт.
- Исталожениот материјал на дното од првиот базен периодично со помош на багер се вади од базенот и се истовара на бетонска платформа

за складирање, која е непосредно до базенот. Околу бетонската платформа има инсталирано современо опремен дренажен систем, направен од метални жлебови. Остатокот од водата, што се наоѓа во суровината-отпадната троска се цеди во дренажен систем и преку жлебовите се влева назад во базенот.

- Материјалот од базените содржи околу 20% олово во него, и овој материјал ќе се искористува за дополнително одвојување на металната фракција. Искористувањето на овој материјал ќе се врши на тој начин што материјалот ќе поминува преку хидроциклони, центрифуга и штрафовичен сепаратор, кои се поставени на метална платформа, каде ќе се одвојува целиот остаток на тешки метали.
- Хидроциклонот е тип GCR 100 и е составен од повеќе елементи. Се врши довод на материјалот во хидроциклонот под притисок од 0,2 до 1,5 MPa. Поради овој висок притисок, материјалот во хидроциклонот врти со голема брзина. Како резултат на центрифугалната сила, крупните и тешки материјали се одвојуваат на надворешните ѕидови, и во форма на згуснат песок се испуштаат. Течниот дел, заедно со малите и ситни материјали и нечистотии се испуштаат преку испусна цевка.
- Штрафовичниот сепаратор е тип SISR2-1000.2 со димензии 2.500 x 1.170 x 1.170 mm Овој сепаратор работи преку основните принципи на инерција, гравитација и триење. Материјалот влегува во сепараторот и преку горенаведените сили на инерција, гравитација и триење, потешкиот материјал се задржува во средината на траката, додека полесниот материјал се таложи на надворешните ѕидови од траката. Сепараторот може да преработи до 24 m^3 материјал на час, со сува материја до 40%.
- Во центрифугата, ќе се одделуваат песок и шљунак како комерцијален производ за градежна индустрија. Добиениот метален концентрат кој ќе се оддели ќе претставува готов производ – концентрат на метал.

Како резултат на технолошкиот процес во новата постројка за дробење, мелење, сепарација на троска и неутрализација на отпадни води, ќе се добиваат следните готови производи:

Од преработка на оловна троска ќе се добиваат:

- оловен концентрат: околу 6.000 т/год;
- различни фракции на олово 1500 т/год;
- железен концентрат: 3.000 т/год;
- песок и шљунак (чакал): 10.000-12.000 т/год.

Од преработка на цинк оксид ќе се добиваат следните готови производи:

- концентрат на цинк: 25.000 т/год;
- концентрат на железо: 1.000 т/год;
- песок и шљунак (чакал): 10.000-12.000 т/год.

Од преработка на троски на FeSi ќе се добиваат 3 готови производи:

- FeSi концентрат: 7.000 т/год;
- концентрат на железо: 10.000 т/год;
- песок и шљунак (чакал): 10.000-12.000 т/год.

Од преработка на троски на FeNi ќе се добиваат 3 готови производи:

- FeNi концентрат: 7.000 т/год;
- концентрат на железо: 10.000 т/год;
- песок и чакал: 10.000-12.000 т/год.

Од преработка на троска од бакар ќе се добиваат:

- бакарен концентрат: 7.000 т/год;
- различни фракции на бакар 1000 т/год;
- концентрат на железо: 3.000 т/год;
- песок и шљунак (чакал): 10.000-12.000 т/год.

Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација		
Сопственик на дозволата	Број на дозвола	Дата на издавање

Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација		
Сопственик	Референтен број	Дата на издавање
А-дозвола за усогласување со ОП заДПТУ Рецикл-Еко-старт ДОО Скопје	11-4931/8	18.11.2014 год
А-ИЕД за ДПТУ Рецикл-Еко-старт ДОО Скопје	11-3396/2	12.06. 2019 год
Измена А-ИЕД за ДПТУ Рецикл-Еко-старт ДОО Скопје	УП1-11/3-2025/2023	26.01.2023 год

Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било какаква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адресата Плоштад Пресвета Богородица бр.3., Скопје, Република Македонија.

.

Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата , Операторот го известува органот . Со цел барањето да биде успешно, операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 ст. 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Преглед на барани и доставени документи

Предмет	Датум	Коментар
Барање Бр.	Добиено	
Барање за измена на А-ИЕД од ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје бр. УП1-11/3-2025/2023	18.09.2023 год	
Објава на барање за измена на А-ИЕД од ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје во дневен печат бр. УП1-11/3-2025/2023	22.11.2023 год	
Записник од извршен увид по барање за измена на А-ИЕД од ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје бр. УП1-11/3-2025/2023	06.12.2023 год	
Изработена Нацрт измена на А-ИЕД за ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје		
Објава на Нацрт измена на А-ИЕД од ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје во дневен печат бр. УП1-11/3-2025/2023	28.12.2024 год	
Записник од завршен увид пред издавање на измена на А-ИЕД од ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје бр. УП1-11/3-2025/2023	12.01.2024 год	
Барање за промена на контакт лице од ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје	10.01.2024 год	
Изготвена Измена на А-ИЕД за ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје		
Известување за одпочнување на постапка за измена на А-ИЕД по службена должност бр.11-1920/1	04.03.2024 год	
Објава на Нацрт измена на А-ИЕД од ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје(по службена должност) во дневен печат бр. УП1-11/3-2025/2023	12.04.2024 год	
Изработена Нацрт измена на А-ИЕД за ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје(по службена должност)		
Барање за додавање на активност во програма за подобрување Инсталирање на континуирано мерење на параметри на емисии во воздух согласно важечката А-ИЕД бр. УП1-11/3-2025/2023	22.04.2024 год	
Барање со забелешки од Општина Чучер-Сендево бр. УП1-11/3-2025/2023	10.05.2024 год	Доставено по истекот на законскиот рок
Записник од завршен увид пред издавање на измена на А-ИЕД од ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје бр. УП1-11/3-2025/2023	17.05.2024 год	
Изработена Измена на А-ИЕД за ДПТУ Рецикл Еко-старт Скопје(по службена должност)		
Лице кое ја води постапката	Свето Василески	Потпис
Заменик раководител на сектор за ИСКЗ	Fatos Balliu	Потпис
Раководител на сектор за ИЗУР	Nazim Aliti	Потпис
Директор на Управа за животна средина	Hisen Xhemaili	Потпис

Дозвола

Број на дозвола :

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Сл. весник Бр53/05), го овластува

Име на компанија

ДПТУ РЕЦИКЛ-ЕКО СТАРТ ДОО експорт- импорт Скопје

со регистрирано седиште на

Адреса

Ул. Прашка бр.13/2-19

Поштенски број 1000 Скопје

Република С Македонија

Број на регистрација на компанијата 6215238

да раководи со Инсталацијата

ДПТУ РЕЦИКЛ-ЕКО СТАРТ ДОО експорт- импорт Скопје

Адреса

Качанички Пат бб ,Чучер-Сандево

Република С.Македонија

во рамките на дозволата и условите во неа.

МИНИСТЕР

Каја Шукова

Датум:

Услови

Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

Табела 1.1.1		
Активност од Анекс 1 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови	Опис на наведената активност	Граници на наведената активност
Прилог 1,Точка2.5 (а) Инсталации за производство на обоени метали од руди, концентрати или секундарни суровини со металуршки, хемиски или со електролитски постапки Точка 2.5 (б) Инсталации за топење вклучувајки и легирање на обоени метали, вклучувајки ги повторно добиените производи (рафинација, леење итн.) со капацитет на топење над 4 т/ден олово и кадмиум или над 20 т/ден за сите други метали.	Производство на -Рафинирано олово 10.000т/год -.оловни легури 500т/год. -оловен концентрат: 6.000 т/год -различни фракции на олово 1500 т/год -железен концентрат: 27.000 т/год -песок и чакал: 50.000-60.000 т/год -концентрат на цинк: 25.000 т/год -FeSi концентрат: 7.000 т/год -FeNi концентрат: 7.000 т/год -бакарен концентрат: 7.000 т/год -различни фракции на бакар 1000 т/год	Производството во инсталацијата ќе се одвива во погоните означени во скицата на објекти во инсталацијата

Координати на локацијата според Националниот координатен систем (10 цифри - 5 Исток 5 Север)	212031 E, 420448 N

Вкупна површина на инсталацијата ДПТУ Рецикл Еко-Старт ДОО Скопје изнесува 9 733 м^2

1.1.2 Активностите овластени во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

Табела 1.1.2	
Документ	Место во документација
Опис на инсталацијата и нејзините технички делови и директно поврзани активности	Барање за измена на А-ИЕД. Додаток 2.1.2



Микролокација на инсталацијата



Оваа Измена на А- интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата ДПТУ Рецикл Еко Старт ДОО Скопје важи само за објектите означени на скицата на објекти во склоп на инсталацијата.

Скица на инсталација со објекти



1.1.3 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животната средина(Сл.В.наР.М53/05;81/95;24/07;159/08;83/09;48/10;124/10;51/11;123/12;93/13;42/14; 44/15;129/15;192/15,39/16,28/18,65/18,99/18,89/22 и 171/22год)и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.4 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира и ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола. Сите програми кои треба да се извршат според условите на оваа Дозвола стануваат дел од дозволата.

Работа на инсталацијата

1.2 Техники на управување и контрола

1.2.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

Табела 2.1.1 : Управување и контрола

Опис	Документ	Дата кога е примено
Управување и контрола на инсталацијата	Барање за измена на А-ИЕД. Додаток 3.1	18.09.2023 год
Организациона структура на управувањето	Барање за измена на А-ИЕД. Додаток 3.1.1	18.09.2023 год
Обука и квалификации	Барање за измена на А-ИЕД. Додаток 3.1.2	18.09.2023 год
Системи за намалување на емисиите и третма	Барање за измена на А-ИЕД. Додаток 3.1.3	18.09.2023 год
Калибрација и одржување	Барање за измена на А-ИЕД. Додаток 3.2	18.09.2023 год

1.2.2 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава дозволата,ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

1.2.3 Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од дозволата.

1.2.4 Копија од оваа дозвола и оние делови од барањето на кои се однесува дозволата ќе бидат достапни во секое време, за целиот персонал вклучен во изведување на работата што е предмет на барањата од дозволата.

1.2.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите од дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршувањето на нивните обврски.

1.2.6 Инсталацијата РЕЦИКЛ ЕКО СТАРТ ДОО експорт – импорт нема воспоставено систем за управување со животната средина ,односно не поседува сертификат за ISO 9001/2000, ISO 14001/2000.

1.2.7 Операторот ќе изготви распоред на целите И задачите за заштита на животната средина, сокомплетен преглед на сите операции, процеси, опции И можности кои овозможуваат поголема искористеност на енергијата И ресурсите како И можностите кои вклучуваат намалување на отпадот.

1.2.8 Операторот ќе му достави на Надлежниот орган програма за управување со животната средина (ПУЖС) за одобрување, во којашто ќе биде вклучена и временска рамка за остварување на целите и задачите за животната средина подготвени во условот 2.1.8. По одобрување на програмата, Операторот треба истата да ја постави и да ја одржува. Таа ќе содржи:

- Распределба на одговорностите за задачите;
- Средства со кои тие може да се остварат;
- Време во кое тие може да се достигнат.

ПУЖС ќе се разгледува еднаш годишно на секои 12 месеци и соодветните дополненија ќе се доставуваат до Надлежниот орган за одобрение, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС) (услов 2.1.8).

Како дел од ГИЖС, операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7 (седум) години и ќе се достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

1.3 Суровини (вклучувајќи и вода)

1.3.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

1.3.2 Инсталацијата поседува добивање на Дозвола за користење на вода од бунар за индустриски технолошки и стопански потреби, бр. УП1-11/5-2372/2023 од 14.02.2024 год.

1.3.3 За складирање на суровините за преработка инсталацијата поседува соодветен простор кој е водонепропустен односно поставени се геотекстил и геомембрана. Димензиите на складот се 50x12x3 метри, а на истиот како активност од програмата за подобрување треба да се изведе покривање.

Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)

Опис	Документ	Дата кога е примено
Детали за суровини, меѓупроизводи, производи, итн. поврзани со процесите, а кои се употребуваат или создадени на локацијата	Барање за измена на А-ИЕД,Анекс 1, табела 4.1.1	18.09.2023 год
Детали за суровини, меѓупроизводи, производи, итн. поврзани со процесите, а кои се употребуваат или создадени на локацијата	Барање за измена на А-ИЕД,Анекс1, табела 4.1.2	18.09.2023 год
Главни суровини кои се користат во инсталацијата	Барање за измена на А-ИЕД,додаток 4.1	18.09.2023 год
Листа на суровини кои може да се преработуваат во постројката за добивање на метални концентрати и неметални фракции преку преработка на отпадна троска	Барање за измена на А-ИЕД,додаток 4.1	18.09.2023 год

Помошни материјали и други суровини	Барање за измена на А-ИЕД,додаток 4.2	18.09.2023 год
Вода за технолошки потреби	Барање за измена на А-ИЕД,додаток 4.3	18.09.2023 год
Електрична енергија	Барање за измена на А-ИЕД,додаток 4.4	18.09.2023 год

1.4 Техники на работа

1.4.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

1.4.2 Се препорачува намалување на отпадот добиен при топење на старите оловно киселински батерии да се сведе до максимално можно ниво односно до степен до кој тоа е технички и економски изводливо и безбедно за животната средина согласно со постојните стандарди за животната средина.

